## Горан Величковски



„Но вам, што слушате Ви велам: љубете ги непријателите свои, правете им добро на оние што ве мразат, благословувајте ги оние што ве навредуваат! На оној што ќе те удри по едниот образ, заврти му го и другиот, а на оној што сака да ти ја земе горната облека, подај му ја и кошулата... Вие љубете ги непријателите ваши и чинете добро... ... Не судете и нема да бидете судени, и не осудувајте, за да не бидете осудени, проштевајте и ќе ви биде простено.“
(Свето Евангелие според Лука )

Не е лесно да си Христов, нели? Ама, блажено и убаво е.
За жал, Христијаните во ретко која епоха сакале да им биде убаво. Тие, поточно, НИЕ, постојано сме во некоја тајна врска со неубавото, давајќи му предност пред Христовото. Ама, да беше лесно да си Христов ќе беше банално, оти која убавина е проста и која Божественост е лесна? Ниедна, а најмалку Христовата може да биде таква. Да не се разбереме погрешно, Синот Божји и Човечки апсолутно не е комплициран, напротив Тој во Своето учење е едноставен колку што му беше едноставно на Отецот Негов и наш да го создаде космосот. Но, може ли човекот да го сфати тој гест на универзалното создавање, а да не му ги изеде мислите некоја лукава бездна?



Тука лежи и одговорот на прашањето ‘зошто на Христијаните тешко им паѓа да јадат од Христовиот леб’? За сите луѓе на овој свет нема потешка задача од таа да го сфатат наједноставното!
О Боже, колку ние луѓето што се претставуваме како Христијани знаеме да бидеме бесмислени?
Се скараа Католиците и Православните, па едните за другите велат дека се прости и немодерни, а другите пак ги прогласуваат првите за еретици. Во целата приказна има многу догма, ама во основата на проблемот не лежи Христос, туку луѓето, кои ете, таму некаде во 11 век (но и многу години пред тоа) решија дека не можат да се поднесат и да се сакаат.
Па дојдоа Протестантите. Тие решија дека не можат да се сакаат со Католиците. Но, и тука во основата Го немаше Христос, туку само луѓето. Се разбира, аргументите од двете страни беа преполни со Човекот Бог, ама сето тоа пропаѓа во вода, оти Тој, Синот, едноставно ни рече ‘Љубете ги непријателите свои...’ Колку и да беа непријатели, и едните, и другите, и третите како Христијани требаше да се љубат... и треба да се љубат. НО?
Чудни се патиштата човечки. Оние кои најмногу треба да го сакаат мирот, да го создаваат мирот, да бидат смирени по крштевање, Христијаните, беа (а можеби и се) најкрволочни во своите политички концепти. Па, кртосуваа по крстот Христов и се убиваа меѓусебе, колонизираа и мачеа домородци, си ги шиткаа како робови, пикаа Индијанци во резервати, се требеа меѓусебе во стогодишни војни, лиеја крв во две светски војни... И како круна на сè, сакаат на Христос нова Голгота да Му подготват крунисувајќи ја парата (долари, евра, злато, нафта) како божество над божествата.

Но, тоа не е патот што Христијаните историски го изодија, ниту пак патот што го бираат за во иднина. Тоа беше само непознат концепт на хаотични луѓе кои никогаш не сакале да бидат Христови, а се труделе да профитираат на Негова сметка. Во таа духовна бакалница само навидум има од сè по нешто - таму има само материјално, но на главното мени никогаш Го немало и ќе Го нема - Бога.
Вистинските Христијани се следбеници Христови. Тие за пари не живеат, оти тоа е и главната разлика - да живееш од пари е едно, а да живееш за пари е друго, бидејќи таквиот живот е идолопоклонство и ропство. А Христос никогаш не бил зандана, туку слобода.
Вистинските Христијани покрај сите неволји им простуваат на своите ближни по род, односно на сите луѓе - колеги, роднини, пријатели. Вистинските Христијани немаат непријатели, но се молат за здравје и богоугоден живот на сите оние кои во нив гледаат непријатели. Во тоа се состои и поракатa Исусова за нашиот втор образ, зашто секој вистински Христијанин знае дека тепачот го губи образот, а



тепаниот е во право.
Вистинските Христијани никогаш не војуваат, освен кога се бранат, ниту пак освојуваат, колонизираат, никогаш не поробуваат, никогаш не робуваат, ниту пак бараат од другите да им бидат робје.
Вистинските Христијани не гледаат боја на тен, ниту пак прашуваат за националност, оти сите сме безвремени и ненационални. Христос е наднационален, односно Син на Отецот, па НИЕ како Негови не би можеле и не би смееле да се ограничуваме во некои тесни граници без разлика колку и да се широки. Сите сме безвремени затоа што овој живот е само премин во нешто вечно и не наше, туку Негово, вечно!
Вистинските Христијани не го љубат својот лик во огледалото зашто тоа е егоизам, туку ги љубат сите вон себе, оти тоа е Христов рационализам. Тоа е пораката за дарувањето на горната облека, и на кошулата моја на оние што решиле да ми земат сè… Кога решиле да земат значи ним им треба, а јас и кога сум гол - облечен сум во Тебе Христе и не сум гол, туку сум дотеран во царски дреи…
Немам право понатаму да размислувам на оваа тема. Можеби тоа ќе треба да го продолжам во тихување и во четири очи со Бога, но чувствувам дека сега, во овој миг, некои од Вас, со право се прашуваат - а кој е овој човек што се дрзнал да размислува и да пишува за вистинските Христијани? Бидејќи се согласувам со Вас, престанувам и простете ми ако во овие редови најдовте глупости напишани од едно битие кое се труди да вкуси ронка од Христовата трпеливост кон цивилизациите бивши, сегашни и идни.








Премин, јули 2004